Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**

тел.:02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-406
kabinet@kiselavoda.gov.mk

Број 08-1304/1
од 10-02-2023 .02.2023 година
Скопје

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

Општина Кисела Вода распишува Јавен повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики.

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Советот. Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание за млади (ЛСМ). Времетрањето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади. Општината е задолжена за нивна селекција и работата на истото се координира и помага од службеникот/ката за млади во Општината.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

•Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛСМ,

•Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,

•Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

Задолжителни документи:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението/лицето

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за поддршка на Градоначалникот**
**и Советот на Општината**

тел.:02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-406
kabinet@kiselavoda.gov.mk

• Годишна програма за работа,

• Извештај за активности со млади во изминатата година,

• Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации,

• Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

**Начин на пријавување**:

*Документите за пријавување да се доставаат исклучиво преку архивата на Општина Кисела Вода.*

Рок за пријавување: 5 работни дена од денот на објавување на јавниот повик.

Лице за контакт: Никола Јовановски
nikola.jovanovski@kiselavoda.gov.mk
070/343-428

Изготвил
Никола Јовановски

Контролирал/Одобрил
Раководител на одделение
Ана Ѓуроска

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Орце Ѓорѓиевски